Зеншо В. Коп

# Надвор од Мислењето

Транскрипција од еден Дарма-говор
на Зеншо В. Коп објавен во
Зен центарот Тао Чан во Визбаден
29 февруари 2020

Што и да би кажал околу тоа, ќе ја промаши поентата.
Ова е чист, типичен Зен. Потипичен, здравје!
Одговорот навистина мириса на Зен.
Што и да би кажал околу тоа, ќе ја промаши поентата.
Не се искажува. Не се замислува.

Не може да се допре, не може да се разбере. Се открива себеси надвор од сè што може да се сфати. Но, сега никој не треба да мисли дека јас сум сега претставник на една азиска, духовна насока, а сите други, несериозно - ги споменувам од време на време.

Зен е, ова е принцип на моето учење и мојот живот - Зен не е религија или учење кај многу, туку вистинска основа на секое вистинско учење. Тоа е тоа. И од таа причина, за да ја поткрепам неискажливоста на апсолутното, би сакал да цитирам еден христијански мистик:

Дионисиј Ареопагита, еден од големите, ранохристијански мистици од вториот век, исконски христијански мајстор кој е многу, многу поврзан со Зен во неговите изреки.
Тој вели:

Доживувањето на она што Бог навистина е, се случува само со отстранување на сè она што тој не е.

Затоа, ослободете се од сите ваши интелектуални шпекулации, што и да е или не е, и наместо тоа молчете и послушајте ја вашата најдлабока внатрешност.
Погледнете, во вашата длабока внатрешност. Слушајте ја постојаната манифестација на божествената слава преку божествениот збор.
Погледнете во зрачечката светлина на апсолутната реалност.

Практицирајте го тоа!
Вежбајте, така што кога ќе седнете и погледнете нешто во далечина, ќе се запрашате:
Кој е тој што гледа? И што гледа? Што е ова гледање?
Каква е оваа перцепција? Што е тоа што гледа?

Ако сериозно си го поставите ова прашање, и си го повторите неколку пати, ќе забележите како одеднаш перцепцијата се свртува и се насочува навнатре.
Вие гледате, но овој процес на толкување на дискриминирачката свест што толкува сè, одеднаш исчезнува. Останува само гледање. А така и во медитацијата.

Кога сте во медитација – зазен и се појавуваат слики, мисли, идеи, само гледајте без приврзување, без именување и без да сакате да промените нешто.
Само погледајте. Секако, морам да кажам, за новите гости тука, дека секако не е толку лесно како што звучи, и не да речеш:

„Добро, ќе го направам тоа неколку пати и ќе го искусам своето вистинско битие“.

Стои доста тешка работа позади тоа. Мора постојано да се стремите. Ако само од време на време седнете во медитација и мислите: „Ах, ќе се случи тоа еден ден.“
Не некогаш! Сега, во овој момент!

Не постои некогаш! Практицирајте на тој начин, така што кога ќе седнете во медитација, однесувајте се како некој да стои зад вас со огромен меч и во секој момент би замавнал и би ви ја отсекол главата.
Со тек на време, ќе забележите дека за време на медитацијата има моменти кога постои само чиста перцепција и одеднаш она што се согледува исто така постепено се повлекува и исчезнува.
И тогаш доаѓа моментот, можеби многу краток на почетокот, моментот што на почеток е можеби малку чуден, како телото одеднаш да исчезнува.
Вашето искуство со тело, свест, ум, одеднаш сѐ исчезнува.
Останува само чистата свесност за самиот себе.

(Тишина)

Просветлувачкото искуство на Зен мајсторот Доген, кога беше кај својот мајстор во Кина беше слично. Тој медитираше во салата за медитација, а до него седеше еден монах - кој задрема. Одеднаш мајсторот застанува зад него со огромен стап и го удира и вика:

„Умот и телото ги нема!“

А во тој момент Доген ја губи свеста за тело и ум, умот што согледува и своето вистинско јас, а неговиот вистински ум се шири во бесконечното, во зрачечката реалност на неговата бесмртна самобитност.

Контакт


З Е Н   Ц Е Н Т А Р

**ТАО ЧАН**

Доброволна организација

Телефон: +49 (0)611- 940 62 31
Факс +49 (0)611 - 940 62 32
www.tao-chan.org/mk/
www.facebook.com/zencentertaochan/



Сите права се задржани. Содржината на ова дело е целосно заштитена со закон.
Без претходноовластување, не е дозволена целосна или делумна репродукција на овој текст или негово компјутерска преработка, пренесување во која било форма или на кој било начин, без оглед дали е електронски, механички, со фотокопија, со регистрација или други методи.

© Зен Центар Тао Чан, Визбаден
Примерокот не е за продажба